РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Бр. 01-12
26.02 2008

Врз основа на член 26, член 42 и член 98 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 64/2000 и 49/2003), Одборот за акредитација на 67-та седница, одржана на 26.02.2008 година донесе

# РЕШЕНИЕ

## за акредитацаија на последипломски студии на Приватниот факултет за туризам во Скопје

1. Се прифаќа и акредитира студиската програма за последипломски студии од областа општествени науки, врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за последипломски студии од областа на туризмолошките науки.

3. По завршените специјалистички студии во траење 1+1 семестар и одбрана на специјалистичкиот труд студентот се стекнува со научниот степен специјалист по туризмолошки науки.

4. По завршените последипломски студии во траење од 4 семестра и одбрана на магистерски труд студенот се стекнува со научен степен Магистер по туризмолошки науки.

5. Приватниот факултет за туризам е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетост на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија", број 33/03).

6. Приватниот факултет за туризам може да врши запишување на студенти, откако ќе добие решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука.

7. Приватниот факултет за туризам во Скопје да ја усогласи студиската програма во однос на времетраењето во согласност со Законот за високото образование и со Болоњскиот процес.

8. Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

9. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Приватниот факултет за туризам од Скопје, поднесе барање до Одборот за кредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на последипломски студии од областа на туризмолошките науки. Одборот за акредитација на својата 66. седница одржана на 27.11.2007 година формира експертска комисија која подготви експертски извештај и го достави до членовите на Одборот за акредитација.

Одборот за акредитација на високото образование на својата 67. седница одржана на 26.02.2007 година, по разгледување на доставениот елаборат, приложената документација и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА АРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,**

**Проф.д-р Ѓеорге Иванов**